UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Бизнис Администрација (+1)** |
| Факултет | Бизнис и економија |
| Циклус на студии | Прв циклус (Додипломски) |
| ЕКТС | 60 |

## Опис на програмата

## Кариера

## Резултати од учењето

**Знаење и разбирање**

**Примена на знаењето и разбирањето**

**Способност за проценка**

**Комуникациски вештини**

**Вештини на учење**

## Листа на предмети

### Семестар 1

- [6.0 ЕКТС] **Напредна економија**
- [6.0 ЕКТС] **Применета статистика**
- [6.0 ЕКТС] **Организациско однесување**
- [6.0 ЕКТС] **Монетарен систем и политика**
- [6.0 ЕКТС] **Изборни предмети**

### Семестар 2

- [6.0 ЕКТС] **Меѓународни сметководствени стандарди**
- [6.0 ЕКТС] **Јавна економија**
- [6.0 ЕКТС] **Методи на продажба и дистрибуција**
- [6.0 ЕКТС] **Деловна етика и општествена одговорност**
- [6.0 ЕКТС] **Изборни педмети**

## Description of courses

### Задолжителни предмети

- **Напредна економија**

Предметот е составен од два дела и тоа: микроекономија и макроекономија. Во рамките на микроекономијата се изучува однесувањето на потрошувачот во услови на егзистенција на буџетско ограничување и неговата целна функција - максимизација на корисноста, како и однесувањето на претпријатието во различни пазарни структури и нивната целна функција - максимизација на профитот. Во микроекономијата се изучуваат и факторите на производство и нивните цени, како и улогата на државата во регулирањето на бизнисите и на домените на пазарниот неуспех. Макроекономијата го изучува функционирањето на економијата во целина. Во тој контекст вниманието е фокусирано на најзначајните макроекономски големини: бруто домашниот производ, инфлацијата, невработеноста, штедењето, инвестициите, девизниот курс и слично. Посебно внимание се обрнува на факторите кои ја нарушуваат макроекономската рамнотежа на кус и долг рок, како и на природата и карактерот на клучните макроекономски политики низ кои се настојува движењето на фактичкиот бруто домашен производ да се доближи, толку колку што тоа е возможно, до движењето на потенцијалниот бруто домашен производ.

- **Применета статистика**
  Преку овој предмет студентите ќе ги разберат и применат елементите на дескриптивната статистика,теорија на веројатност проследено со веројатноста и распределбата на примероците, пресметка на дистрибутивните параметри, пресметка и контрола на статистичките хипотези,тестирање на хипотезите,анализа на варијанса,линерана анализа и анализа на временски серии,едноставна линеарна регресија и корелација.

- **Организациско однесување**
  Целта на овој предмет е да се запознаат студентите со организациското однесување и организациската психологија. Од овој аспект студентите треба да стекнат соодветни знаења од областа на лидерството, моќта, авторитетот, тимската работа, конфликтите, улогата и важноста на поединецот во деловната организација и сл.

- **Монетарен систем и политика**

- **Меѓународни сметководствени стандарди**
  Овој предмет ги опфаќа следниве теми: меѓународните сметководствени стандарди, капиталот, постојаните средства и резерви, финансиските средства,обврзниците, хартиитеод вредност, побарувањата од купувачи, активните временски разграничувања, обврските спрема добавувачите, краткорочните и долгорочните резерви, пасивните временски разграничувања, залихите на материјали, производите, трговската стока, материјалните и нематеријалните трошоци, трошоците за плати и амортизација, утврдувањето на обврската за ддв и данокот на добивка, утврдувањето на финансискиот резултат.

- **Јавна економија**
  Основната интенција на наставата на предметот е да им помогне на студентите во разбирањето на разликите помеѓу јавниот и приватниот сектор. Во тие рамки, да се објасни исто така и логиката, организацијата и начинот на функционрање на јавниот сектор во светот и во Република Македонија.

- **Методи на продажба и дистрибуција**
  Целта на овој предмет е да се запознаат студентите со: концептот на продажба и дистрибуција, разликите помеѓу овие две активности, начинот и современите методи кои се користат во пазарното стопанство во процесот на продажба, како и со ефикасноста на дистрибуција, каналите на дистрибуција, критериумите и стратегиите на дистрибуција.

- **Деловна етика и општествена одговорност**

## Изборни предмети

- **Деловно комуницирање**
  Целта на овој предмет е студентите да се запознаат со концептот на деловното комуницирање. Во последниве години сè повеќе компании ги применуваат техниките на деловно комуницирање и како главна алатка за одговор на сè позаострената конкуренција на глобалниот пазар. Овој предмет претставува обид за подобрување на комуникациските способности на студентите со теоретско, но пред сè, и со практично укажување на правилниот начин на комуницирање во организациска средина со вработените и со

менаџерите, како и при одржување состаноци, интервуирање, одговарање при интервјуирање, преговарање како и мотивирање на сите околу нив.

- **Меѓународен менаџмент**
  Цели на предметот се : * Анализирање на основните проблеми на меѓународната економија. * Дискутирање на односите помеѓу домашниот и меѓународниот бизнис. * Оценување на различните фактори кои влијаат во меѓународниот менаџмент. * Комплетирање на анализата SWOT на разни меѓународни фирми и дефинирање нови глобални пазари. * Дискутирање на користењето на глобалната комуникација. * Дефинирање и имплементирање на стратегиите за настап не меѓународниот пазар.

- **Портофолио менаџмент**
  Предметот “Портофолио менаџмент” ја опфаќа анализата на главните и основните поимии функции на финансискиот систем, пазарните посредници, инструменти, принципи на организација и работење, нивната улога во економијата,воопшто и во финансискиот систем на националните економии посебно. Овие пазари и финансиски инструменти се од понов датум. Функционираат во развиените економии на западот. Нивната појава и развој го поттикнува развојот на реалниот сектор, оптималното користење и алокација на скудните ресурси, влијаат врз макроекономските величини и вредности.